# TAXI

## Истражувачки проект

Од 14. До 16. септември во Битола се реализираше дел од истражувачкиот проект “Такси”, како дел од “Нов културен бран” на Министерството за култура. “Такси” е микро проект и своевиден експеримент насочен кон негирање на современиот систем на вредности. Токму затоа  се реализираше во јавен простор во кој институцијата беше заменета со улица, односно со улично превозно средство (такси возило), а наместо професионалец, во функција на понудувач на уметничко дело(куратор), се појави такси возач. Иако овој проект како експеримент не може да понуди директна промена во доминантната сфера на интереси водена од желбата за профит, тој се обидува да го уништи она во кое сме натерани да веруваме , а сето тоа поради потребата да не се стане пасивна и слепа жртва на општествениот поредок во кој доминираат масовните медиуми и опасноста од стереотипи и стандардни модели. Испечатени фотографии на дела  од 14 македонски автори (Игор Сековски, Славица Јанешлиева, Станко Павлески, Атанас Ботев, Борис Шемов,Гоце Наневски, Ладислав Цветковски,Велимир Жерновски, Филип Јовановски, Христина Иваноска, Јане Чаловски, Моника Мотеска, Роберт Јанкуловски, Мирна Арсовска),  им беа понудени на случајните превозници во такси возилото со цел да се предизвика реална размена на мисли, без посредство на институција.




Овој вид на комуникација што се темели на провокација, во еден мал град  што е дел на една скоро невидлива територија во Европа, има значајна улога. Таа може да значи секојдневен отпор против доминантната светска  идеологија што промовира градови во кои луѓето работат  наместо градови во кои луѓето играат . На овој начин, проектот “Такси” покажува  дека отпорот има повеќе форми, а една од нив е борбата и опстанокот преку ослободување од секакви конвенции, навики, вештини, примери, шеми и социјални механизми. Застапувајќи го овој начин на дејствување, проектот “Такси” беше ослободен од секаков вид на јавно претставување и рекламирање пред чинот на случувањето, а случајните патници во такси возилото беа заштитени од секаков вид на злоупотреба и манипулација со тоа што не беа снимани или фотографирани. Единствен начин на добивање информации за тоа што се случуваше во такси возилото беше разговорот помеѓу такси возачот  (Раде Цветковски од компанијата “Такси Теа” од Битола) кој беше еден вид замена за кураторот на проектот, Билјана Петровска Исијанин (Центар за современи јавни уметности “Елементи”) како чин на иронија и несогласување со доминантниот поредок на нештата во сферата на културата и уметноста, кои често пати стануваат дел од конвенции, навики, па дури и желба за моќ.

Случувањето во такси возилото и разговорите што се случуваа ќе бидат подлога за пишување текст и објавување на публикација која ќе биде презентирана во Музејот на современа уметност во Скопје, како дел од програмата на симпозиумот на АИКА кон крајот на ноември 2017 година.  Проектот “Такси” беше награден со годишната награда за 2017. на АИКА Македонија.